# ПРИРАЧНИК

## ЗА РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗМЕНА ВО ТЕКОТ НА ИЗГРАДБАТА и БАРАЊЕ ЗА УПИС НА НЕДВИЖНОСТИ ВО ЈАВНАТА КНИГА


ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

+389 (0)2 322 66 55

https://www.gazibaba.gov.mk

info@gazibaba.gov.mk



ВО СОРАБОТКА СО

ЗЕЛС

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

## 1. ИЗМЕНА ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА

Барателот(инвеститорот) поднесува барање во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk за издавање на решение за одобрување на измена во текот на изградбата. Начинот на користење на информацискиот систем е-одобрение за градење е опишан во упатството за подносители кое се наоѓа на www.gradezna-dozvola.mk.

Потребна документација која се доставува кон барањето е:

- уплата од 1050 ден. за административна такса на следната жиро сметка:

Назив на примачот: Трезорска сметка
Сметка: 100000000063095
Банка на примачот: Народна банка на РМ
Уплатна сметка: 840-177-03182
Цел на дознака: административни такси
Приходна шифра: 722315
Програма: 00

Потребна документација:

- извод од урбанистички план
- дополна на основен проект
- согласност(на дополнувањето на проектот) од проектантот на основниот проект

По комплетирање на барањето, се заверува проектот и доколку има потреба се праќа до надлежниот орган за пресметка на надомест за уредување на градежно земјиште. Откако инвеститорот ќе го плати или уреди надоместокот, надлежниот орган издава решение за одобрување на измените во текот на градбата кое станува правосилно по 15 дена доколку нема изјавено жалба.

## 2. БАРАЊЕ ЗА УПИС НА НЕДВИЖНОСТИ ВО ЈАВНАТА КНИГА

Барателот(инвеститорот) ја доставува потребната документација во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk или ја доставува потребната документација во електронска форма(на CD) на приемниот шалтер на општината. Начинот на користење на информацискиот систем е-одобрение за градење е опишан во упатството за подносители кое се наоѓа на www.gradezna-dozvola.mk.

Потребна документација која се доставува кон барањето е:

- уплата од 50 ден. за административна такса на следната жиро сметка:

Назив на примачот: Трезорска сметка
Сметка: 100000000063095
Банка на примачот: Народна банка на РМ
Уплатна сметка: 840-177-03182
Цел на дознака: административни такси
Приходна шифра: 722315
Програма: 00

- уплата согласно тарифникот за висината на надоместокот за запишување во катастарот на недвижностите на следната жиро сметка:

Назив на примачот: Буџет на РМ. Агенција за катастар на недвижности
Сметка: 100000000063095
Банка на примачот: Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 2100100450-787-11
Цел на дознака: Упис на објект
Приходна шифра: 724167
Програма: 20

Потребна документација:

- одобрен основен проект со правосилно одобрение за градење или одобрен проект за измени во тек на градбата со правосилно решение за измени во тек на градба
- геодетски елаборат од извршен премер на објектот
- извештај за извршен технички преглед на надзорниот инженер а за објектите за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2, изјава од изведувачот заверена кај нотар под полна материјална и кривична одговорност со која ќе потврди дека објектот е изграден во согласност со одобрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба.

Доставената документација се доставува до АКН по електронски пат.